**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-19/5
31.08. 2020 год.
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 232**

**Скопје, 31.08.2020**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник по стручно уметнички предмети, од областите: Графика и графички техники - 60702 и Друго (Графички дизајн) - 60712.....3749
2. Рецензија за избор на еден наставник по стручно уметнички предмети, од областите: Сликање и сликарски техники - 60701 и Цртање - 60700.....3757
3. Рецензија на ракописот „Пенологија со извршно казнено право“ од авторот д-р Татијана Ашталкоска-Балоска.....3762

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО СТРУЧНО - УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ, ОД ОБЛАСТИТЕ: ГРАФИКА И ГРАФИЧКИ ТЕХНИКИ - 60702 И ДРУГО (ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН) - 60712, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА НА ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ ФОН ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Првиот приватен универзитет ФОН во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија" на 16.04.2020, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети, од областите Графика и графички техники - 60702 и Друго (Графички дизајн) - 60712, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Првиот приватен универзитет ФОН, донесена на 19.05.2020, формирана е Рецензиона комисија во состав: проф. Костадин Танчев - Динка, претседател, проф. м-р Ладислав Цветковски, член и проф. д-р Трајче Блажевски, член.

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети, од областите Графика и графички техники - 60702 и Друго (Графички дизајн) - 60712, во предвидениот рок се пријави кандидатот вонр. проф. д-р Марија Ветероска.

Врз основа на приложената документација поднесена од страна на кандидатот, како и врз основа на нејзината научна, стручна и педагошка дејност, Рецензионата комисија има чест да го достави следниов

# ИЗВЕШТАЈ

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Марија Ветероска е родена на 20.05.1980 година во Скопје. Во 2004 година дипломирала на отсекот графика со графички дизајн на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со дипломски труд на тема: „Лавиринт на спротивности", со средна оценка 9.82. За особените постигнувања во текот на студиите е наградена со диплома за најдобар студент на генерацијата на Графичкиот оддел при ФЛУ.

На истиот факултет, во 2008 година, магистрира во областа графика, под менторство на проф. Костадин Танчев – Динка, со магистерски труд на тема: „Форми. Сенки. Вистина?" и средна оценка 10.

Докторска дисертација пријавила 2009 година на Институтот за историја на уметност и археологија на Филозофскиот факултет, УКИМ, под менторство на проф. д-р Владимир Величковски. Во 2014 година се стекнала со научниот степен: доктор на историја на уметноста, по одбраната на дисертацијата на тема „Типографијата и македонскиот дизајн (од 1945 до 2000)".

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Од 2007 до 2009 година работи како **асистент**, а во 2009 година е избрана во наставно-стручно звање **доцент** на група предмети од областа графички дизајн на Факултетот за арт и дизајн на Првиот приватен Европски универзитет – Република Македонија.

Во 2015 година е избрана за **вонреден професор** во областа графика и графички техники на Првиот приватен универзитет ФОН. Ветероска ги подготвила програмите за предметите за кои и ја одржува наставата, на прв циклус и втор циклус студии: Основи на графички дизајн, Типографија и знаковни системи 1, Типографија и знаковни системи 2, Дизајн на книга, Дизајн на сцена, Дизајн на печатени медиуми, Дизајн проект, Дизајн на плакат.

Марија Ветероска во 2016 година е избрана за **в.д декан** на Факултетот за дизајн и мултимедија на Првиот приватен универзитет ФОН. Во 2017 година е избрана за **декан** и сè уште ја извршува функцијата. Од 2016 година е член на Ректорската управа на Првиот приватен универзитет ФОН. Во 2016 година е избрана за член на Комисијата за изработка на нова студиска програма на Факултетот за дизајн и мултимедија, која е акредитирана од Одборот за акредитација во 2017 година.

Била ментор на голем број дипломски работи и била претседател и член на комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови. Активно учествувала во активностите на факултетот и универзитетот, како организација и реализација на завршните изложби, ментор на „Фабрика на знаење", како и **менторство на студентските дела за студентски конкурси** и изложби во Македонија и во странство, **на кои студентите освоиле награди**:

2020, Државен студентски конкурс за плакат: „Сеќавање на холокаустот – никогаш повторно", организатор: Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија. Трета награда: Наташа Егуменовска, ФОН Универзитет

2019, Државен студентски конкурс за пакување на сладолед, организатор: Тинекс. Трета награда: Ребека Влаисављевиќ, ФОН Универзитет

2018, Државен студентски конкурс за лого: „25 years UK & Macedonia", организатор: Британска амбасада во Македонија. Прва награда: Ребека Влаисављевиќ, ФОН Универзитет

2018, Регионален меѓународен студентски конкурс за дизајн на детска постелнина, организатор: Дормео, Втора награда: Стевица Ѓорѓевски, ФОН Универзитет

2017, Скопје постер, Меѓународен студентски конкурс за плакат: „Вештачка интелигенција и реалност", организатор: ПлакАрт. Специјална награда за македонски плакат: Анастасија Јовческа, ФОН Универзитет

2017, Државен студентски конкурс за плакат на тема: „Македонија како туристичка дестинација", организатори: АртЛинк, Музеј на град Скопје, Полска амбасада и ПлакАрт. Главна награда: Анастасија Јовчевска, ФОН Универзитет

2016, Меѓународен конкурс за плакат на тема: „Дарување крв, младост, хуманост", организатори: Црвен крст на Македонија и ПлакАрт. Прва награда: Анѓелина Кичукова, ФОН Универзитет

2016, Меѓународен конкурс за плакат на тема: „Дарување крв, младост, хуманост", организатори: Црвен крст на Македонија и ПлакАрт. Втора награда: Мирослав Јанковиќ, ФОН Универзитет

**Дополнителни студентски активности** - организација или ментор (од 2015 до 2020):

2020, Пробација - Конкурс за дизајн на плакати за промоција на пробацијата, Проект на Европската Унија во соработка со Министерството за правда на РСМ

2020, Државен студентски конкурс за плакат: „Сеќавање на холокаустот – никогаш повторно", организатор: Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија

2019, Државен студентски конкурс за пакување на сладолед, организатор: Тинекс

2019, плаФОН – www.plaFON.mk, Конкурс за дизајн на плакати во борба против глобалното затоплување на Факултетот за дизајн и мултимедија, ФОН Универзитет

2018, Државен студентски конкурс за банер: „UK & Macedonia", организатор: Британска амбасада во Македонија

2018, Државен студентски конкурс за лого: „25 years UK & Macedonia", организатор: Британска амбасада во Македонија

2018, Регионален меѓународен студентски конкурс за дизајн на детска постелнина, организатор: Дормео

2017, Скопје постер, Меѓународен студентски конкурс за плакат: „Вештачка интелигенција и реалност", организатор: ПлакАрт

2017, Државен студентски конкурс за плакат на тема: „Македонија како туристичка дестинација", организатори: АртЛинк, Музеј на град Скопје, Полска амбасада и ПлакАрт

2017, Winter school. Full proffesional: design & architecture. Организатори: ФОН Универзитет, Bertone Design.

2016, Меѓународен конкурс за плакат на тема: „Дарување крв, младост, хуманост", организатори: Црвен крст на Македонија и ПлакАрт

Кандидатот Марија Ветероска континуирано добивала висока позитивна оценка од анонимно спроведените анкети на студентите при процесот за самоевалуација, а за својата наставно-образовна дејност има добиено пофалници и сертификати на универзитетско ниво.

## Научноистражувачка дејност

Во периодот по 2015 година до 2020 година, Ветероска со свои текстови придонесува во следниве релевантни печатени изданија: Апостолова Баскар, И (уредник). **Преведување на визуелната драматургија (сценографски елаборати)**. Македонски центар на Интернационален театарски институт - Продукција, Скопје 2019. (ISBN 978-608-66217-4-2); Величковски, Темков, Пирковска, Васиќ, Трипков, Ветероска. **Костадин Танчев Динка: од слика и графика до нови медиуми**. НУ Национална галерија на Македонија, Скопје 2018. (ISBN 978-608-257-035-8); Ветероска М. **Антонио Аранѓеловиќ: Чиј е мојот град?** (текст за каталог). Центар за промоција на култура и туризам, Скопје 2017.[1]

Во 2019 година учествува на **7th International conference on typography & visual communication,** организирана од Institute for the study of typography & visual communication во Патра, Грција.[2]

[1] 3 репрезентативни референци од категорија 8

[2] 1 репрезентативна референца од категорија 4

Пред 2015 година, научноистражувачката дејност на кандидатот Ветероска е: 2009 година, го објавува научниот труд „Анатомија на македонската кирилица“ во Годишникот на трудови на Европскиот универзитет (ISSN 1857-6117 003 655.26), во 2011 година „Единици мерки во типографијата“ (ISSN 1857-6117 655.22:006.91.022) во Годишникот на трудови на Европскиот универзитет кој е со меѓународен уредувачки одбор. На Меѓународната научна конференција „Лицата на кризата“ во 2012, го изложува научноистражувачкиот труд: „Анализа на типографијата на дневните весници на локално, регионално и глобално ниво“ (ISBN 978-608-4574-47-7). Се јавува и како коавтор на печатениот стручен труд за процесот и резултатите од работилницата „Инклузивна зона: како да направите производи од текстил, филц и дрво = Incluzive zone: how to make products from textile, felt and wood.“ Британски совет во Македонија, Скопје, 2012 (ISBN 978-9989-2723-7-0).

За потребите на наставниот процес има публикувано авторизирани предавања за предметите „Графичко уредување на печатени медиуми“ (2009), „Типографија и знаковни системи“ (2010) и „Основи на типографија“ (2011).

Нејзината научноистражувачка дејност кулминира со завршувањето и одбраната на опсежното истражување претставено во докторската дисертација на тема „Типографијата и македонскиот дизајн (од 1945 до 2000)“ во 2014 година.

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Од 2004 година е член на Друштвото на ликовни уметници на Македонија (ДЛУМ), а во периодот помеѓу 2006 и 2009 е член на Управниот одбор на ДЛУМ. Во 2015 година е кооснович и дизајнер на **cycleREcycle by Brum Brum** (заедно со Игор Сековски) - дизајн производи од рециклирани и истрошени материјали, поддржано од Министерството за култура на РМ за развој на креативните индустрии во 2016 година.[3]

Покрај учеството на бројни групни изложби во Македонија, Србија, Хрватска, Грција, Белгија, Австрија, Полска, Романија, Франција, Јужна Кореја и Велика Британија, има поставено 7 самостојни изложби во Македонија, Србија и Црна Гора. Номинирана е за награда на Интернационалниот салон за мала графика Carbounari 2005, во Баиа Маре, Марамурес (Романија) и во 2006 за Годишната награда за млад ликовен уметник „Денес“ на Центарот за современи уметности. Добитник е на неколку престижни награди и признанија во областа на ликовната уметност: во Белград, 2001, награда за цртеж на 11 Биенале на југословенски студентски цртеж; признание на 5то Интернационално студентско арт биенале СИАБ; награда на 2ро Меѓународно биенале во мала графика во Тетово; наградата за графика „Драгутин Аврамовски Гуте“ од Друштвото на ликовни уметници на Македонија во 2004, како и наградата „Љубомир Белогаски“ за 2005 година, за најдобра самостојна изложба на млад автор во Музеј на град Скопје.

Во областа на **графичкиот дизајн** има реализирано над стотина графички решенија во форма на плакати, брошури, каталози, дизајн на книги и корици за книги, амбалажа, дизајн на заштитни знаци и визуелен идентитет, илустрации и дизајн на типографски писма – фонтови. Во 2002 година ја добива наградата за Млад дизајнер на годината „Сонце на надежта“, од Министерството за Економија. Автор е и на дизајн решенијата, избрани на конкурсите за официјално лого за „100 години Илинден“ од Министерството за култура и официјалното лого

[3] 1 репрезентативна референца од категорија 5

и дизајн за кампањата за Европска интеграција „И Сонцето е ѕвезда" на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија.

Издвојуваме неколку реализирани релевантни авторски дизајн проекти на кандидатот Ветероска во периодот од 2015 до 2020 година: [4]

2020, **Книга на графички стандарди за Претседателот на Република Северна Македонија,** Скопје
2019, **дизајн на плакат**, Кокаланов „Си беше еднаш во иднината", Битола, Народен театар
2019, **дизајн на плакат, каталог и колекционерски картички**, Блажев, Кондев, Шуман „Дрезден – лица, простори, време", Скопје.
2019, **дизајн на лого** за Авторизиран економски оператор имплементиран од Царина на РСМ.
2018, **дизајн на типографско писмо Dinka,** Костадин Танчев Динка: од слика и графика до нови медиуми, Скопје, НГМ.
2017, **дизајн на плакат,** Bizet "Les pêcheurs de perles", опера, Тирана, Национална опера и балет на Албанија
2017, **дизајн на визуелен идентитет**, "Art and the city", лаунџ бар, Тирана.
2017, **дизајн на плакат**, Мекнели „Марија Калас – Час", Скопје, Македонска опера и балет.
2017, **дизајн на плакат, брошура и типографско писмо,** „Тајно моја", Скопје, Македонска опера и балет
2016/17, **визуелен идентитет,** "Casting Talent Show", телевизиско шоу – потрага за таленти
2016, **дизајн на плакат, брошура и типографско писмо (принт и web)**, Фестивал за детски театар „Фенер"
2016, **дизајн на плакат и брошура**, Rossini "Il barbiere di Siviglia", опера, Скопје, Македонска опера и балет
2016, **дизајн и подготовка за печат**, Бенет, И. Насоки за лоцирање на креативните индустрии во Македонија. Скопје: Британски совет во Македонија, 2016. ISBN 978-608-4750-03-1
2016, **дизајн на визуелен идентитет,** Swisstech.
2016, **дизајн на типографско писмо и визуелен идентитет,** PŽG, Inclusive Design Workshop, меѓународна работилница за инклузивен дизајн, Пожега, Хрватска организатор: ЕУ, Британски совет Хрватска, Кјото Дизајн Лаб
2016, **дизајн на визуелен идентитет, брошура и продукт дизајн** (заедно со Игор Сековски), cycleREcycle by Brum Brum
2016 до 2020, **дизајн на логоа, постери, брошури, банери, промотивни материјали (принт и web)**, ФОН Универзитет, Скопје

До 2015 година била учесник на повеќе **групни домашни и меѓународни изложби**, меѓу кои: 2010, Скопје, 13-ти Зимски салон „Доктор Глобал – Мистер Локал"; 2010, Скопје, Скопски урбани приказни, Микро-скопски наративи, Скопско лето 2010 во соработка со ДЛУМ; 2011, Врање, Србија, изложба на делата од Ликовната колонија Врање; 2011, Тетово, Scardina Fest, Денови на културата во Тетово; 2012, Скопје, Ликовна колонија Галичник 2009 – 2011; 2012, Скопје, Визуелни индустрии, во склоп на Скопје Креатива; 2012, Скопје, Галерија 8, уметнички перформанс; 2013, Скопје, Типокујна, завршна изложба на македонски кирилични фонтови изработени на работилницата; 2014, Скопје, Скопје постер, дела од проектот „Деца наспроти дизајнери"; февруари и септември 2015, Трента, Словенија, Типоклиника итн.

Учество на групни домашни и меѓународни изложби на кандидатот Ветероска во периодот од 2015 до 2020 година:[5]

---

[4] 17 репрезентативни референци од категорија 3
[5] 11 репрезентативни референци од категорија 2

2019, **30 - 1990-2019 Ликовна колонија Галичник**, Скопје, Мала станица
2019, **Летен салон**, Скопје, Галерија Акантус
2019, **"Changing Reflections" - 10 Вечери на женски права**, Скопје, МКЦ
2018, **Динка со студентите**, Скопје, КИЦ
2018, **Донирај уметност**, Скопје, КИЦ
2018, **Фемиграции – уметност за права на бегалците**, Скопје, Галерија Акантус
2017, **Современ МКД плакат, 10ти Скопје постер фестивал**, Скопје, Twins Kitchen & Wine
2016, **PŽG, Inclusive Design Workshop, меѓународна работилница за инклузивен дизајн**, Пожега и Загреб, Музеј за умјетност и обрт (Хрватска)
2016, **Gogyoshi project**, Скопје, Галерија Флукс
2016, **cycleREcycle by Brum Brum**, Изложба на дела од „Креативни индустрии 2016", Скопје, Public room
2016, **Дела во чест на Јовица Мијалковиќ,** Скопје, КИЦ

Нејзиното дело **"An automatic, muscular bloodpump"** од 2015 година, е дел од колекцијата Luciano Benneton Collection, Transfiguring, Imago Mundi.[6]

Во 2012 година учествува на **меѓународната работилница** за инклузија ExtraOrdinary Design во Осијек, Хрватска, во организација на Британскиот совет во Хрватска и Кралскиот колеџ за уметности од Лондон. ExtraOrdinary Design работилницата ја добива наградата од Хрватското дизајнерско друштво за најдобар концепт во професионална категорија. Истата година таа е креативен тим лидер на меѓународната работилница Inclusive Zone во Македонија организирана од Британскиот совет во Македонија и Кралскиот колеџ за уметности од Лондон. Резултатите биле прикажани на неколку изложби, меѓу кои: во 2012 година во Осијек и во Загреб, Хрватска, изложба на дела од работилницата ExtraOrdinary Design; во 2012 година во Скопје, изложба на дела од работилницата Inclusive Zone и во 2013 година во Лондон, изложба на делата од хрватските работилници.

Во 2016 година учествува во дизајнерскиот тим на меѓународната работилница за инклузивен дизајн: **PŽG, Inclusive Design Workshop** во Пожега, Хрватска, организирана од ЕУ, Британски совет Хрватска, Кјото Дизајн Лаб.[7]

Во 2015 и 2017 година, повикана е да **менторира работилница** за графички дизајн во склоп на фестивалот за креативни индустрии Скопје креатива, тема „Визуелно обликување на картички и мапа на впечатливи дебармаалски градби од почетокот на XX век" во 2015 и **меѓународната работилница на тема „Експресивна типографија" во 2017**. Во 2016 година на повик на организаторите МОФ и USAID, Ветероска е ментор на работилницата за сценографија на **„МОФ Летна академија 2016"**.[8]

Покрај наведените работилници кои ги менторира, Ветероска е учесник на бројни ликовни колонии и работилници од областа на ликовната уметност, типографијата, графичкиот дизајн и сценографија. Во периодот од 2015 до 2020 година ги издвојуваме:[9]

---

[6] 1 репрезентативна референца од категорија 8
[7] 1 репрезентативна референца од категорија 4
[8] 2 репрезентативни референци од категорија 4
[9] 4 репрезентативни референци од категорија 4

2019, **Letterpress light workshop, 7$^{th}$ International conference on typography & visual communication,** Patras, Greece организатор: Institute for the study of typography & visual communication
2019, **Преведување на визуелната драматургија (работилница)**. организатор: Македонски центар на Интернационален театарски институт - Продукција
2018, **Фемиграции – уметност за права на бегалците**, Дојран организатор: Macedonian young lawyers association и USAID
2017, **Св. Прохор Пчињски**, меѓународна сликарска колонија, Србија.

Ангажирана е и како **сценограф** за оперски, балетски, концертни и ТВ продукции. Во периодот од 2016 до 2020 година реализирани се следниве авторски сценографии:[10]

2019, **Кокаланов „Си беше еднаш во иднината"**, драмска претстава, Битола, Народен театар
2019, **„Валпургиска ноќ" и „Кармен",** балет, Скопје, Национална опера и балет
2019 Отворање на Интернационален фестивал за филмска камера **„Браќа Манаки"**, мултимедијален перформанс, Битола
2018, **Play UK Arcadia 2018**, Интернационален фестивал на гејминг индустријата, МКЦ, Скопје
2017, **Verdi "Il Trovatore"**, опера, Пловдив, Државна опера Пловдив
2017, **Bizet "Les pêcheurs de perles"**, опера, Тирана, Национална опера и балет на Албанија
2017, **„Тајно моја"**, мјузикл во чест на Тоше Проески, Скопје, Македонска опера и балет
2016/2017, **"Casting Talent Show"**, телевизиско шоу – потрага за таленти
2016, **Rossini "Il barbiere di Siviglia"**, опера, Скопје, Македонска опера и балет
2016, **Киров „Црвената соба"**, модерен балет на музика од Шуберт, Скопје, Македонска опера и балет

Од 2005 до 2015 година, автор е на сценографиите за оперите: „Рита", „Џуџето", „Волшебната флејта (за деца)", „Војвотката на чардашот" и балетот „Шехерезада", како и на сценографиите за премиерите на оперите со кои се отворени Мајските оперски вечери: во 2009 – „Бал под маски", 2010 – „Љубовен напиток", 2011 – „Дон Џовани" и 2013 – „Хофманови приказни" и др. На оперските и балетските продукции има соработувано со режисери и кореографи од Австрија, Италија, Германија, Русија, Србија, Албанија, Бугарија, Унгарија и Македонија.

## ЗАКЛУЧОК

Вонр. проф. д-р Марија Ветероска ги исполнува условите и критериумите за избор согласно Законот за високо образование, како и Репрезентативните референци за избор во наставно-научни звања по стручно-уметничките предмети од член 10 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор на наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Првиот приватен универзитет ФОН од 02.07.2019 година, за избор во звањето редовен професор. Односно, во годините од последниот избор, Ветероска реализирала вкупно 51 репрезентативна референца од 6 различни категории: 1, 2, 3, 4, 5 и 8 (10 репрезентативни референци од категорија 1, 11 репрезентативни референци од категорија 2, 17 репрезентативни референци од категорија 3, 8 репрезентативни референци од категорија 4, 1 репрезентативна референца од категорија 5 и 4 репрезентативни референци од категорија 8).

---

[10] 10 репрезентативни референци од категорија 1

Д-р Марија Ветероска прикажува особена посветеност и проактивност во развојот на педагошките и универзитетските активности, со фокус на индивидуалниот напредок на студентите во рамките на утврдените наставни програми и вон нив. Нејзините авторски дела од уметничките и стручно апликативните области, надополнето со нејзината истражувачка дејност, се со особен значај, придонес и признанија во државни и меѓународни рамки.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензионата комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-уметничката и апликативна дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Марија Ветероска. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, со акцент на активностите од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Марија Ветероска поседува научни и стручни квалитети и ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор по стручно-уметнички предмети, од областите Графика и графички техники - 60702 и Друго (Графички дизајн) - 60712. Според тоа, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Првиот приватен универзитет ФОН во Скопје, **д-р Марија Ветероска да биде избрана во звањето <u>редовен професор</u> по стручно-уметнички предмети, од областите Графика и графички техники - 60702 и Друго (Графички дизајн) - 60712.**

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА**

1. проф. Костадин Танчев, с.р. - претседател

2. проф. м-р Ладислав Цветковски, с.р. - член

3. проф. д-р Трајче Блажевски, с.р. - член

# РЕФЕРАТ

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО ОБЛАСТА СЛИКАЊЕ И СЛИКАРСКИ ТЕХНИКИ - 60701 И ЦРТАЊЕ - 60700, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА НА АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА ФОН СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Првиот приватен универзитет ФОН во Скопје, објавен во весникот „Слободен печат" на 16.04.2020. за избор на наставник во сите звања во областа **Сликање и сликарски техники – 60701 и Цртање 60700**, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американски Универзитет на Европа ФОН Скопје, донесена на 19.05.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав**: проф. м-р Мирослав Живковиќ, претседател, проф. м-р Антони Мазневски, член и проф. д-р Марија Ветероска, член.**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите звања во областа Сликање и сликарски техники и Цртање, во предвидениот рок се пријави кандидатот доц. м-р Милош Милосављевиќ.

Врз основа на приложената документација поднесена од страна на кандидатот, како и врз основа на ненеговата научна, стручна и педагошка дејност Рецензентската комисија има чест да го достави следниов

# ИЗВЕШТАЈ

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Роден е 1979 година во Врање,Р.Србија.

Во 2004 година дипломирал на Факултет за Уметности оддел за Сликарство, во Ниш Р.Србија, во класа кај проф. м-р Ѓуро Радоњиќ.

Истата година, како стипендист на Министерството за образование и наука на Владата на РМ, запишува постдипломски студии на Факултет за ликовни уметности во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" кај професорот Родољуб Анастасов. На истиот факултет 2008.година, се стекнува со звање магистер по ликовни уметности, со магистерскиот труд под наслов „УРБАНИ АСОЦИЈАЦИИ". со кој го заокружува своето формално образование со просечна оценка 10.00 (десет).

## Наставно-образовна дејност

Од 2010 до 2015 година работи како предметен наставник по Ликовна уметност во ПСУ „Петта приватна гимназија", Скопје и Струга, Р. Македонија;

**Од 2015. година избран е во наставно научно и уметничко звање** Доцент од област Сликање и сликарски техники, на Факултетот за дизајн и мултимедија, при Прв Приватен Универзитет-ФОН, Скопје. Исто така, покрај Факултет за дизајн и мултимедија, предава и на Архитектонскиот Факултет при Прв Приватен Универзитет-ФОН, Скопје. Милосављевиќ ги подготвил програмите за предметите за кои и одржува настава. И тоа, на прв циклус студии:

- Ликовна теорија;
- Вечерен акт;
- Техники на сликање 1;
- Техники на сликање 2;
- Ликовно изразување 1;
- Ликовно изразување 2.

втор циклус на студии:

- Ликовна естетика во дизајнот.

Бил ментор на 11 дипломски трудови и 2 магистерска труда, како и председател или член во над 40 комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови.

На Факултетот за дизајн и мултимедија е ангажиран на повеќе работи кои се дел од вонаставни активности, како што е изработка на Распоредот за наставни и испитни активности, Председател е на комисија за трансфери на студенти, член на Комисија за еволуација и самоеволуација. Исто така, Милосављевиќ е дел од повеќе други универзитетски работни групи и тела. Активно учествувал во активностите на факултетот и универзитетот, како што се организација и реализација на завршните изложби, менторство на студентските дела за студентски конкурси и изложби во Македонија и во странство. За својата работа има добиено пофалници на универзитетско ниво. Кандидатот континуирано добивал висока позитивна оценка од анонимно спроведените анкети на студентите при процесот за самоевалуација.

Носител и идеен творец на Проектот за потикнување на општествена одговорност „Со слика до детска насмевка", во кој студентите на Факултетот за дизајн и мултимедија во перод од 2015 до 2019.година, стекнувајќи практични вештини за ликовно комплексна тимска работа, изработуваат повеќе мурали и декорации во неколку јавни институции меѓу кои се : ЗОО Скопје (2015 и 2019), Детската Онкологија во Клиничкиот Центар Скопје (2016), Домот за деца без родителска грижа „11 Октомври"Скопје (2017), како и Детската Клиника за белодробни заболувања „Козле" Скопје (2018).

Председател е на Здружение на граѓани; за усовршување, едукација и поттик на млади таленти од областа на уметноста у природните науки „ЕДУКАЦИЈА 5" Скопје;

Стручно-уметничка дејност

Покрај учеството на повеќе од 50 групни изложби во Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Грција, Австрија, Данска и Франција, 7 интернационални Ликовно уметнички колонии и Симпозиуми, имал 10 самостојни изложби во Македонија, Србија и Грција.

**Самостојни изложби:**

**2019 :** Изложба "УРБАНИ АСОЦИЈАЦИИ" – Галерија Савремене Уметности „Салон 77„, Ниш, Р.Србија ;

**2019 :** Изложба "УРБАНИ АСОЦИЈАЦИИ" – Галерија Народног Музеја „Чедомир Крстиќ„, Пирот, Р.Србија ;

**2018 :** Изложба "УРБАНИ АСОЦИЈАЦИИ" – Галерија Културног Центра Крушевац, Крушевац, Р.Србија ;

**2018 :** Изложба "УРБАНИ АСОЦИЈАЦИИ" – Галерија Народног Умиверзитета, Врање, Р.Србија ;

**2012 :** Изложба " УРБАНИ АСОЦИЈАЦИИ" – Дом на АРМ, Скопје ;

**2010:** Изложба "УРБАНИ АСОЦИЈАЦИИ" – Галерија Мати ,Катерини , Р..Грција;

**2008 :** Изложба"УРБАНИ АСОЦИЈАЦИИ" – Национална Галерија на Македонија – "Мала станица", Скопје ;

**2008 :** Изложба на слики – Ликовен Салон Велес ;

**2006:** Изложба на слики – Хотел "Capsis" , Солун , Р.Грција ;

**2006:** Изложба на слики – Галирија Народног Универзитета, Врање, Р. Србија.

**Дел од групни изложби и биенали:**

Интернационална изложба „МОСТ", КИЦ Скопје (2020), „НХО" ZAVOS, Солун, Грција (2019), „7+1"K.O.T.E.S. 57, Атина, Грција (2019), Изложба „Колонија Сиќево 2018", ГСУ Павиљон Ниш, Србија (2018), „Гамзиградска Колонија 2018", Градска Галерија Зајечар, Србија (2018), „Колонија КУМАНОВО 2017", Галерија Куманово (2017)," Зимски Салон" НГМ Скопје (2010 год.), Биенале на минијатура, "КИЦ" Скопје (2009 год.), , Биенале на на уметници до 35 години, Ниш, Србија (2007 год.), итн.

**Ликовно уметнички симпозиуми и колонии:**

- Интернационална Ликовна колонија „Сиќево 2018„ Ниш, Србија;
- Интернационална Ликовна колонија „Гамзиград 2018„ Зајечар, Србија
- Интернационална Ликовна колонија „Пелинце 2017„ Куманово ;
- Ликовна колонија ''Врање 2005'', Врање, Србија ;
- Интернационална Ликовна колонија „Литокоро 2004„ Литокоро, Грција
- ''ХУК 2003''Бачки Петровац, Србија ;
- „ХУК 2001„ Нови Сад, Србија.

Во период од 2006 до 2008. година работи на работи поврзани со креирање и графичко дизајнерско обликување на материјали за потреби на проект HRDF фаза II и фаза III, финансиран од Европска Агенција за развој, имплементирани од "East West Consulting" , Брисел – Белгија и "Ecorys", Ротердам-Холандија ; Во период од 2012.до 2014.година, помеѓу другото, работи и како графички дизајнер во сектор за маркетинг во ПСУ „Петта приватна гимназија", Скопје, Р. Македонија ;

Од 2003. година до денес, работи како постојан соработник на проекти поврзани со естетско - сценски обликувања за потреби на различни културно-уметнички манифестации, како и работи врзани со ревставрација и конзервација на цркви и споменици на култура во Р. Грција.

Во својата уметничка кариера, Милосављевиќ бил наградуван два пати :

Grand prix доделен од фондација ACES, за креативост и иновативност покажана при имплементација на проект од областа на образование на ниво на Централна и Југоисточна Европа, 2014 година http://www.aces.or.at/project-detail?projid=677;

Откупна награда на Зимски ликовен салон во Врање, Србија, во 2004 година.

Член на Друштвото на ликовни уметници на Македонија (ДЛУМ) од 2007.

## ЗАКЛУЧОК

Доц. м-р Милосављевиќ ги има исполнето Репрезентативните референци за избор во наставно-научни звања по стручно-уметничките предмети во вонреден професор, односно, во годините од последниот избор, Миосављевиќ реализирал вкупно 10 референци од категориите: 1, 2, 3, 4, 5.

М-р Милош Милосављевиќ е исклучително активен автор во областите сликање и цртање. Неговите дела се изработени со особен фокус и високо креативен пристап - дела кои имаат опиплива уметничка тежина. Неговиот пристап кон уметноста е значајно темелен, па слободно може да се каже дека делата на Милосављевиќ имаат суштинска многуслојност на креативното творење. Како доцент се истакнува во својата наставна дејност со особен напредок и високи постигнувања во наставата и воннаставните активности.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-уметничката апликативна дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. м-р. Милош Милосављевиќ. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес.

Комисијата заклучи дека м-р Милош Милосављевиќ поседува научни уметнички и стручни квалитети и ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во областа Сликање и сликарски техники – 60701 и Цртање - 60700. Согласно гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американски Универзитет на Европа ФОН Скопје, м-р Малош Милосављевиќ да биде избран во звањето вонреден професор во областа Сликање и сликарски техники 60701 и Цртање 60700.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. м-р Мирослав Живковиќ, с.р. - претседател

проф. м-р Антони Мазневски, с.р. - член

проф. д-р Марија Ветероска, с.р. - член

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „ПЕНОЛОГИЈА СО ИЗВРШНО КАЗНЕНО ПРАВО“ ОД АВТОРОТ Д-Р ТАТИЈАНА АШТАЛКОСКА-БАЛОСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за Правни и политички науки за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на авторизираните предавања со наслов Пенологија со извршно казнено право од авторот/-ите: Татијана Ашталкоска-Балоска, наменет за студентите на Факултетот за Правни науки и политички науки-правосудни студии, за предметот/-ите Пенологија, избрани се проф. д-р Стефан Буџакоски и доц. Д-р Наташа Тодоровска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за Правни и политички науки при ФОН Универзитетот во Скопје, рецензентот го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Пенологија со извршно казнено право |
| **Назив на предметната програма:** | Правосудни студии-втор циклус |
| **Назив на студиската програма:** | Правосудни студии |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **6** |
| Предметот Пенологија на Факултетот за правни и политички науки е задолжителен предмет за насоката Правосудни студии со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во осми семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 214 страници (формат Б 5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи и подготвителни прашања за испит, случаи и примери од судската практика. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

1. **Проф. д-р Стефан Буџакоски, с.р.**
2. **Доц. д-р Наташа Тодоровска, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот:Проф. д-р Стефан Буџакоски

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот Пенологија со извршно казнено право содржи неколку глави кои се однесуваат и го обработуваат предметот на оваа научна дисциплина. Во првиот дел авторката се задржува на поимот, предметот на пенологијата, методите како и историскиот развој на казнувањето и извршувањето на казната затвор. Во вториот дел ги обработува методите и облиците на третман на осудените, целите на третманот и одредени посебни категории на сторители на казнени дела. Понатаму во третиот дел авторот го обработува и детално го објаснува системот и организацијата на казнаенопоправните установи и односите помеѓу формалната и неформалната организација во нив. Во четвртиот дел пак, е обработен системот на извршување на казнени санкции во нашата земја, со посебен акцент на санкциите, но и на постапаката за нивно извршување согласно позитивните прописи. Извршувањето на санкциите за правни лица и за прекршоци накратко авторката ги објаснува во последните два дела од текстот. Посебен акцент авторката низ целиот текст посветува и на состојбата во нашата држава. Она што особено го издвојува овој труд, позитивно за студентите кои ќе го користат се и подготвителните предлог прашања за испит и колоквиум, како и поставување на практични примери и случаи кои студентите сами ќе треба да ги решат врз основ на претходно добиените сознанија. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Текстот Пенологија со извршно казнено право е усогласен со предметната програма на предметот Пенологија. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | 10 |
| **Категор изација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 214 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата) . |

Врз основа на изнесеното, чест ни е и задоволство овој ракопис да го поддржамиме и да го предложиме да се отпечати како учебник по предметот Пенологија, примарно наменет за студентите на Факултетот за Правни науки и политички науки.

Во Скопје, 2020 година

РЕЦЕНЗЕНТИ

**Проф. д-р Стефан Буџакоски, с.р.**

**Доц. д-р Наташа Тодоровска, с.р.**